**20231943462**

## НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Врз основа на член 43, став 2, точка 11 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021), Националниот совет на седницата одржана на 7.9.2023 година донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ СО КОЈ СЕ УТВРДУВААТ СТРУЧНИТЕ И НАУЧНИТЕ НАЗИВИ

Член 1

Во Правилникот со кој се утврдуваат стручните и научните називи („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 125/23) во членот 4 ставот (1) се менува и гласи:

(1) По завршувањето на академските додипломски студии (прв циклус на академски студии) со 180 ЕКТС или 240 ЕКТС студентот се стекнува со академски назив - „дипломиран“ со додавање на назнака изведена од студиската програма и наведување на бројот на ЕКТС.

Во членот 4 во ставот (2), по зборовите „и сродни науки со“ се додаваат зборовите „180 ЕКТС или“, и по зборовите „назнака изведена од студиската програма“ се додаваат зборовите „и наведување на бројот на ЕКТС“

Во членот 4 Ставот (3) се брише. Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 2

Во членот 7 во ставот (2) алинејата два се брише.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 1410-169
14 септември 2023 година
Скопје

Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност
Претседател,
Проф. д-р **Гордана Лажетиќ,** с.р.